Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-1813/958
Дата: 31.12.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
ул."Даме Груев " бр.14
Скопје

Предмет: Достава на решение за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проектот : "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Македонија (Црна Скала) - Делчево - Виница-Кочани-Штип-Велес"

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението за издавање на согласност на Студија за оценка на влијанието врз животната средина за проектот: : "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Македонија (Црна Скала) - Делчево - Виница- Кочани-Штип-Велес"

Со почит,

Изготвил: Билјана Спироска
Контролирал: м-р Зоран Бошев
Одобрил: Александар Петковски
Согласен: Игор Трајковски

**МИНИСТЕР**
ABDILAQIM ADEMI

Доставено до:
- Министерство за транспорт и врски
- Општина Велес
- Општина Свети Николе
- Општина Штип
- Општина Кочани
- Општина Делчево
- Општина Виница
- Општина Карбинци
- Општина Зрновци
- Општина Лозово
- Општина Чешиново - Облешево

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

[redacted]

Бр. 11-1813/8
31.12.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011 и 123/2012), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на Проектот: "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Македонија (Црна Скала) - Делчево - Виница- Кочани-Штип-Велес" во општина Велес, општина Свети Николе, општина Штип, општина Кочани и општина Делчево, за потребите на инвеститорот Агенција за државни патишта од Скопје.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Проектот: "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Македонија (Црна Скала) - Делчево - Виница- Кочани-Штип-Велес" во општина Велес, општина Свети Николе, општина Штип, општина Кочани и општина Делчево, ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за заштита и ублажување на влијанијата.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

## *Образложение*

На ден 07.11.2011 година, "АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА" од Скопје, со седиште на ул. "Даме Груев" бр.14 од Скопје, до Министерството за животна средина и просторно планирање ја достави Студија за оцена на влијанието врз животната средина за Проектот: "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Бугарија (Црна Скала) - Делчево- Виница- Кочани- Штип - Велес" во општина Виница, општина Карбинци, општина Зрновци, општина Лозово, општина Велес, општина Свети Николе, општина Штип, општина Кочани, општина Чешиново - Облешево и општина Делчево со број 11-2422/4 и дополнета и корегирана Студија за оцена на влијанието врз животната средина со број 11-1813/6 од 31.07.2012 година. Студијата е изготвена од страна на "DIWI Germany" & "ДИВИ Македонија" ДООЕЛ од Скопје, согласно Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), со назначено одговорно лице Ленче Јанева.

Со проектот инвеститорот предвидува изградбата на автопат со четири ленти по две насоки со предложена траса која започнува од границата со Република Бугарија кај месноста наречена Црна Скала, продложува кон Звегор - Делчево - Габрово, оди по планинскиот масив Бигла, Трсино, Виница, Јакимово, Истибања, Горни Подлог, потоа поминува помеѓу Облешево и Спанчево, меѓу Чешиново и Соколарци, Кочани по падините на Ежево Брдо се приклучува кај месноста три Чешми на магистралниот пат Велес- Струмица. Во насока кон Отовица трасата поминува низ општина Свети Николе. Во атерот на с. Амзабегово автопатот се вкрстува со регионалниот пат Амзабегово-Богословец, навлегува во општина Лозово, се проетега паралелено на железничката пруга Велес-Кочани и навлегува во општина Велес. Потоа трасата навлегува во атерот на селото Кумарино, јужно од постоечката железничка пруга Велес - Кочани, минувајќи во близина на атерот на с. Сојаклари и завршува во атерот на с. Отовица со клучката Отовица. Овој автопат е обработен во три делници и тоа: Црна Скала- Виница, Виница- Три Чешми, Три Чешми - Отовица. Вкупната должина на предвидениот автопат изнесува околу 99.5 км.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Анализата на веројатните влијанија извршена е во фаза на изградба и фаза на експлоатација и тоа: влијание врз воздух, влијание врз водите, влијание врз почвата, појава на отпад, позајмишта, депонии, усеци и насипи, влијанија на патот од пренамена на користење на земјиште, влијание врз пределот, влијанија врз биокоридори, влијанија врз станишта, влијание врз флора и фауна, ризик на инциденти, бучава, вибрации, влијание врз археолошки локалитети, влијание врз земјоделско земјиште, влијание врз пејсажот. Соодветно на влијанијата, односно на причините кои допринесуваат овој Проект да има негативни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за заштита и ублажување на овие влијанија. Во делот на Заклучоци и препораки предвидено е покрај почитување на мерките кои се предложени во Студијата за ОВЖС да се спроведува мониторинг и во тек на градба на автопатот и во тек на експлоатацијата, за уништените зелени површини, земјоделско земјиште и пошумени области се препорачува мерки за пошумување по должината на трасата со автохтони видови на растенија, земјоделските површини кои ќе се користат како пристапни патишта, по завршувањето на градежните работи да се поправат и прилагодат за нивна употреба од страна на локалното население, пристапните патишта да се извршат во координација со шумските препријатија во засегнатите општини, непотребните пристапни патишта по завршување на градежните работи да бидат пошумени и затворени за употреба. Во фазата на објава на тендер за избор на изведувач, дел од тендерската документација да бидат и план за расчистување на вегетација и објекти, план за сечење на дрвја, план за трансплатација на дрвја, план за рехабилитација на позајмишта, план за снижување на нивото на подземни води, план за бучава, план за организација на градилиштето во смисла на лоцирање на работилиштата за одржување на возилата, полнење на гориво и складирање на градежни и опасни материјали, димензионирање просторот што е потребен за изведување на објектите и пристапните патишта, план за постапување со отпад, постапување со опасни материи, план за спроведување на мерки за контрола на ерозијата и временска рамка за изведување на работите (почитувајќи го принципот на

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

избегнување на обемни активности во периодот на гнездење на птици и сл.)

Согласно член 91 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011 и 123/2012) се одржаа пет јавни расправи во врска со Студија за оцена на влијанието врз животната средина за Пректот: "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Бугарија (Црна Скала) - Делчево- Виница- Кочани- Штип - Велес" и тоа:
- 21 февруари 2012 година (втроник), во Прес салата на општина Велес со почеток во 10.00 часот.
- 21 февруари 2012 година (втроник) , во Големата сала на Општина Свети Николе со почеток во 15.00 часот.
- 22 февруари 2012 година (среда) , во мала сала до Совет на Општина Штип со почеток во 11.00 часот.
- 22 февруари 2012 година (среда) , во сала на Совет на Општина Кочани со почеток во 15.00 часот.
- 24 февруари 2012 година (петок) , во спомен домот АСНОМ во сала за состаноци во Општина Делчево со почеток во 12.30 часот.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на Пректот: "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Бугарија (Црна Скала) - Делчево- Виница- Кочани- Штип - Велес", формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за ОВЖС за Пректот: "Изградба на автопат М-5 на делница, граничен премин на Република Бугарија (Црна Скала) - Делчево- Виница- Кочани- Штип - Велес" ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми.

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**
**Управа за животна средина**

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Проектираните заштитни мерки се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението.

**МИНИСТЕР**
**ABDILAQIM ADEMI**